


Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија која има основна дејност дистрибуција на електрична енергија на територијата на Република Северна Македонија. Компанијата е дел од Групацијата ЕВН.

---

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

Во одделот Билинг имаме отворени позиции за амбизиозни штотуку дипломирани студенти или студенти во последната година од нивните студии на Економските или Техничките факултети

# Специјалист за Билинг (М/F)
# Тренинг Програма (М/Ж)

**Информации за програмата**

Времетраење на програмата е 12 месеци со можност на продолжување. Сите учесници ќе работат на интересни и разновидни задачи и проекти и ќе добијат личен развоен план за зајакнување на професионалните и личните вештини. Во текот на програмата е обезбедена поддршка од искусни ментори за примена на знаењата и вештините.

Во текот на програмата ќе се запознаете со

- Процеси за наплата на побарувања и евиденција на уплати од корисници;
- Процесите за присилна наплата, евалуација на побарувања, анализа, KPI, контакт со нотари, извршители, адвокати;
- Фактурирање на електрична енергија и на услуги
- Активности поврзани со потрошувачи на либерализиран пазар, самостојни учесници и производители (комуникација, евидентирање, анализи, процеси) и анализа на енергетски податоци;

Како компанија овозможуваме добра работна атмосфера, флексибилно работно време и работа од далечина.

**Што очекуваме**

- Одлични комуникациски, аналитички и организациски вештини
- Посветеност
- Доверливост
- Желба за учење и стручно усовршување
- Познавање на англиски јазик

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција, испратете куса биографија и мотивационо писмо на jobs.elektrodistribucija@evn.mk со наслов "Специјалист за Билинг - Тренинг Програма" најдоцна до **11.07.2023**. Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

**Напомена**: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу

Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк [https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx](https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx).

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува
encourage охрабрува
enable овозможува